Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневни настани 25.09.2023

Полициски службеници од СВР Тетово, вчера (24.09.2023) во 19 часот на улица „Љуботенска" во Тетово, со судска наредба, го приведе 54-годишниот тетовец Р.М, осуден на затворска казна за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

Денеска (25.09.2023) во 01 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Карпош го лишиле од слобода Б.Ш.(36) од скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.09.2023 во 16.45 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.Ј.(19) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.09.2023 на патот Битола - Демир Хисар, кај с.Црнобуки, полициски службеници од Полициската станица од општа надлежност Битола ги лишиле од слобода В.И.(22) од с.Белче и Т.С.(40) од с.Единаковци, демирхисарско, затоа кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 24.09.2023 на ул.„Партизанска" во Битола, полициски службеници од Полициската станица од општа надлежност Битола го лишиле од слобода П.В.(19) од Битола, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 24.09.2023 околу 19.00 часот во Гевгелија, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Гевгелија го лишиле од слобода В.Г.(69) од Гевгелија. Тој се сомничи дека околу 18.50 часот под влез од заедничкиот кафе во Гевгелија, поради судски спор околу нерасчистени имотно-правни односи, со пиштол пукал кон неговите брат и снаа, Л.Г. (71) и Т.Г.(62), кои починале на местото на настанот, а смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош Гевгелија. Лицето било задржано во Полициската станица Гевгелија и од него е одземено оружјето со кое го извршил делото. Увид на местото на настанот извршиле јавен обвинител и увидна екипа од Одделението за внатрешни работи Гевгелија. Во текот на денот лицето ќе биде изведено пред Судија на претходна постапка од Основен суд Гевгелија.

Во текот на вчерашниот ден (24.09.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 362 возачи. Од ним 15 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а пет возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 209 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 153 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (24.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 169 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 78 санкции, 13 мерки за возење без возачка дозвола, 25 санкции за возење под дејство на алкохол, седум мерки за прекршоци кои ги прават возачите на мотоцикл...

Во текот на изминатиот викенд (23/24.09.2023), полициски службеници од Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на Куманово санкционирани се вкупно 120 возачи, од кои 60 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 45 санкции за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол и 15 за управување возило без возачка дозвола.

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на вчерашниот ден (24.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на СВР Битола санкционирани се 114 возачи, меѓу кои 77 мерки за возење повеќе од дозволената брзина, 13 мерки за возење без возачка дозвола, 8 возачи за управување под дејство на алкохол, 3 санкции за непрописно паркирање. Изречена е една санкција за користење на мобилен телефон при возење...

Вчера (24 септември) од 13.00 до 19.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за непрописно престигнување, во која биле откриени и санкционирани вкупно 47 прекршоци (ТЕ-12 и ГВ-35). Санкционирани се и 9 (ТЕ) други видови сообраќајни прекршоци. На возачите-прекршители изготвени им се поднесоци и тие ќе се соочат со парични глоби кои зависно од направениот прекршок се движат од 45 до 250 евра во денарска противвредност. Оние кои престигнувале на „полна линија", на непрегледна кривина или во колона, а за кои согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата е предвидена глоба од 250 евра, ќе се соочат и со времено одземање на нивните возачки дозволи од три месеци до една година.

На 24.09.2023 во 15.15 часот во СВР Битола било пријавено дека на патот Битола - Демир Хисар, кај место викано „Шуклов мост", патничко возило „форд" со битолски регистарски ознаки, управувано од П.Н.(66) од Битола, излетало од коловозот. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди, а 17-годишниот сопатник се здобил со телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Битола. Увид извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 25.09.2023 околу 00.10 часот во СВР Тетово било пријавено дека на улица „Седек Костовски" во Гостивар патничко возило „форд фокус" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од 22-годишниот М.О. од Гостиварски Дуви, излетало од коловозот. Во несреќата М.О се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Гостиварската Општа болница „Фериз Мурат". На местото на несреќата увид извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар.

Вчера (24.09.2023) околу 15.40 часот во СВР Тетово било пријавено дека на локалниот пат Тетово-Фалише се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фиат пунто", управувано од 40-годишната М.Ј. од Тетово, патничко возило „форд фокус", што го управувал 60-годишниот Џ.А од тетовски Порој и трактор, управуван од 70-годишниот тетовец С.А., сите со тетовски регистарски ознаки. Во несреќата, М.Ј. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во тетовската Клиничка болница, каде била пренесена за укажување на лекарска помош. Увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 24.09.2023 во 12.40 часот во ОВР Делчево било пријавено дека на патот Делчево - планина Голак, над манастирски комплекс „Балаклија", С.С.(74), управувајќи мотокултиватор, изгубил контрола и излетал од патот. Од здобијените повреди С.С. починал, а лекар од Клиничката болница Штип констатирал смрт. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Делчево.

На 24.09.2023 во СВР Битола, О.Л.(56) од Битола пријавил дека на Градското шеталите во Битола бил каснат од куче скитник.

На 24.09.2202 во 22.00 часот во Полициската станица Кичево, Л.М.(35) од Кичево пријавила дека во с.Другово била касната од куче скитник.

Денеска (25.09.2023) во с.Долно Количани, скопско, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода М.И.(35) од с.Долно Количани. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени две пушки. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.09.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 20 прекршоци, од кои 12 во населено место и 8 надвор од населено место. На 23/24.09.2023 во времето од 22.00 до 05.00 часот била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа биле санкционирани 9 прекршоци. Санкционирани биле и 11 други видови на прекршоци, од кои 4 за управување возило без возачка дозвола, 2 за возач почетник, 3 за некористење сигурносен појас, 1 за некористење заштитна кацига и 1 за непрописно паркирање.

На 24.09.2023 околу 18.40 часот на влез во с.Четирце, кумановско, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Сопот забележале како од патничко возило „опел вектра", со скопски регистарски ознаки, излегуваат пет лица мигранти, по што возачот не застанал на знак за запирање даден од полициските службеници и го напуштил местото. На местото биле затекнати пет лица мигранти од Сирија кои биле сместени во Прифатно – транзитен центар Табановце за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (25.09.2023) во Кочани, полициски службеници од Полициската станица Кочани го лишиле од слобода У.Р.(59) од Кочани. Тој се сомничи дека околу 06.15 часот, по претходна расправија пред домот во кој престојувала, се остар предмет и нанел убодни рани на Т.М.(46) од Кочани, која починала на местото на настанот. Смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош Кочани, а увид извршиле екипа на ОВР Кочани и јавен обвинител по чија наредба телото на починатата било дадено на обдукција. По целосно документирање на случајот против У.Р. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Регионалниот центар за гранични работи Југ поднесе кривична пријава против Р.К.(32) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 08.09.2023 на автопатот Гевгелија-Скопје, кај наплатна станица Демир Капија, полициски службеници извршиле контрола на товарно возило „мерцедес спринтер", управувано од пријавениот, при што пронашле 28 лица мигранти од Сирија, меѓу кои четири малолетници.

На 24.09.2023 околу 23.30 часот, полициски службеници од Полициското одделение Петровец го лишиле од слобода С.В.(37) од населба Илинден. Тој се сомничи дека околу 18.00 часот со тврд предмет му нанел повреда на неговиот сосед А.П.(49), откако претходно, поради нарушени меѓусоседски односи, во својот дом бил физички нападнат од А.П.. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.09.2023 околу 03.20 часот во Пробиштип, полициски службеници од Полициската станица Пробиштип го лишиле од слобода М.А.(31) од с.Злетово, пробиштипско. Тој се сомничи дека околу 22.00 часот се заканувал на лице вработено како обезбедувач во казино во Пробиштип, по што со остар предмет ја оштетил касата во казиното. М.А. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против С.А.(30) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 30.06.2022 во казино во С.Банско, струмичко, полициски службеници од СВР Струмица извршиле преглед на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 24.09.2023 во 13.30 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба ја лишиле од слобода Н.С.(73) од Скопје, затоа што во домот со тврд предмет го нападнала нејзиниот 74 - годишен сопруг. Таа е спроведена до здравствена установа за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.09.2023 во 18.20 часот во СВР Скопје, Л.А.(34) од С.Света Петка, скопско, пријавил дека околу 15.30 часот во селото неговиот малолетен син бил физички нападнат од М.Ј.(27). По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.09.2023 во 09.00 часот во СВР Скопје, 22 - годишна жена пријавила дека на 23.09.2023 околу 22.00 часот на подрачјето на Карпош била физички нападната од нејзиниот поранешен партнер А.Ј.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.09.2023 во 12.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека М.А.(41) од с.Шишево, скопско, лице со здравствени проблеми, паднал од мост во селото во реката Треска. По преземени мерки, полициски службеници од Полициското одделение Сарај, Полициската станица Горче Петров и Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го пронашле телото, а лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без траги на насилство. По наредба на јавен обвинител, телото на починатата било дадено на семејството.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против О.Р.(33) и Д.А.(35), двајцата од с.Чегране, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „насилство", „предизвикување општа опасност" и „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или расправачки материи". На 13.08.2023, пријавените и уште неколку лица во с.Желино се сретнале со С.А.(45) од с.Желино. Притоа, пријавените од пиштол пукале кон него, а откако побегнал му одзеле пари од неговото возило.

На 24.09.2023 во 20.45 во Полициската станица Бит Пазар, било пријавено дека во домот на подрачје на Бит Пазар била пронајдена почината А.Ф.(71) од Скопје. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а увид извршила екипа од СВР Скопје. По наредба на јавен обвинител телото на починатата било дадено на обдукција.

На 25.09.2023 околу 02.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека две лица, од кои едното имало пиштол, тропале на вратата од казино во Скопје, по што се оддалечиле од местото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@mol.gov.mk
Изработено од Унет